Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите(во натамошниот текст: имателите на информации).

(2) Правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се остварува согласно со овој, Законот за општата управна постапка и друг закон.

Цел на законот

Член 2

(1) Со овој закон се обезбедува јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и им се овозможува на физичките и правните лица да го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

(2) Имателите на информации за својата работа се должни да овозможат информираност на јавноста.

Член 3

Определени изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- „имателите на информации" се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања утврдени со закон и дејности од јавен интерес и политичките партии во делот на приходите и расходите,

- „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата),

- „барател на информација" е секое правно и физичко лице без дискриминација по која било основа, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон (во натамошниот текст: барателот),

- „документ" е секој запис на информација без оглед на нејзината физичка форма или карактеристики, пишан или печатен текст, карти, шеми, фотографии, слики, цртежи, скици, работни материјали, како и звучни, гласовни, магнетски или електронски, оптички или видео снимки во која било форма, како и преносliва опрема за автоматска обработка на податоци со вградени или преносливи мемории за складирање на податоците во дигитална форма,

- „службено лице" е лице вработено кај имателот на информации назначено со акт на одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага имателот на информации согласно со неговите надлежности, односно дејности,

- „тест на штетност" е задолжителна постапка која ја спроведува имателот на информацијата, пред да го одбие пристапот согласно со членот 6 став (1) од овој закон, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата и

- „јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чие што објавување, односно остварување пристап:

1) ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување;

2) ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства;

3) ќе се открие потенцијален судир на интереси;

4) ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето;

5) ќе се спречи и открие загрозување на животната средина;

6) ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и

7) ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Слободен пристап до информации

Член 4

(1) Слободен пристап до информации имаат сите правни и физички лица.

(2) Слободен пристап до информации имаат и странски правни и физички лица во согласност со овој и друг закон.

Објавување на листа

Член 5

(1) Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст: Агенцијата) на својата интернет страница објавува листа на иматели на информации и на службените лица на имателите на информации.

(2) Агенцијата редовно ја ажурира листата од ставот (1) на овој член. Агенцијата ажурирањето го врши во рок од седум дена од добивањето на известувањето за службено лице на имател на информации од јавен карактер, односно стекнување или губење на статус на имател на информации од јавен карактер.

Исклучок од слободен пристап до информации

Член 6

(1) Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до:

1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација;

2) личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;

3) информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;

4) информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;

5) информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

(2) Информациите утврдени во ставот (1) на овој член, стануваат достапни кога ќе престанат причините за нивната недостапност.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.

(4) Ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

Пристап до информации за трезорско работење

Член 7

(1) Имателот на информации кој располага со податоци кои се однесуваат на плаќањата преку органот на државната управа кој е надлежен за трезорското работење, е должен да ја информира јавноста за податоците преку својата веб страница.

(2) Формата и содржината на податоците од ставот (1) на овој член кои се објавуваат, како и начинот на нивното објавување ги пропишува министерот за финансии, а особено се однесуваат на: назив и сметка на налогодавач (буџетски корисник), расходно конто и назив, програма и назив, износ, назив и единствен даночен број на примач (само за правни лица) и назив на примач (само име и презиме кај физички лица).

(3) Објавените лични податоци во врска со информациите од ставот (2) на овој член се достапни две години, од денот на објавата.

(4) Надлежниот орган кој управува со Трезорот како организациона единица е должен да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на:

- листа на буџетските корисници и единки корисници и
- периодични извештаи за наплатата на приходите и другите приливи и реализација на расходите и другите одливи на Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините.

II. СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

Службено лице

Член 8

(1) Секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварувањето на правото на слободен пристап до информации.

(2) Имателите на информации се должни да обезбедат информирање на јавноста за службеното лице за посредување со информации.

(3) Службеното лице за посредување со информации контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

(4) Повеќе имати на информации можат заедно да определат едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации.

III. ДОЛЖНОСТИ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Листа на информации

Член 9

Имателите на информации се должни редовно да водат и да ја ажурираат листата на информации со кои тие располагаат и да ги објавуваат на начин достапен за јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

Посредување на информации

Член 10

(1) Имателот на информации е должен да ја информира јавноста преку својата интернет страница со објавување на:

- податоците од неговите надлежности кои ги извршува, односно му се утврдени со закон,
- основните податоци за контакт со имателот на информацијата и тоа: назив, адреса, телефонски број, број на факс, е-маил адреса и адресата на интернет страницата,
- податоците за функционерот или одговорното лице кај имателот на информацијата (биографија, податоци за контакт и друго),
- основните податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

- основните податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување и тоа: име и презиме, е-маил адреса и телефонски број,

- список на лица вработени кај имателот на информацијата со позиција, службен е-маил и службен телефон,

- законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило,

- прописите што во рамките на својата надлежност ги донесува имателот на информацијата во вид на подзаконски акт: правилници (правилник за внатрешна организација, правилник за систематизација на работните места, правилник за заштитено внатрешно пријавување и друго), уредби, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа се овластени со закон,

- органограм за внатрешна организација,

- стратешки планови и стратегии за работа на имателите на информации,

- годишни планови и програми за работа,

- годишен Буџет и завршна сметка,

- годишни финансиски планови по квартали и програми за реализација на буџетот,

- ревизорски извештај,

- видови услуги кои ги даваат имателите на информации (информации за физичката достапност за остварување на услугите и информации за е-услугите, податоците за законските основи, називот на услугите, документите и податоците потребни за остварување на секоја од услугите, механизмите за правна заштита и други релевантни податоци),

- тарифници за надоместоци за издавање на реални акти,

- начинот на поднесување на барање за пристап до информации (начин на поднесување усно и писмено барање за пристап до информации, како и барање поднесено по електронски пат),

- целокупната документација за јавните набавки, за концесиите и за договорите за јавно-приватно партнерство,

- предлог на програми, програми, ставови, мислења, студии и други слични документи кои се однесуваат на актите од надлежноста на имателот на информации соопштенија до јавноста за работи преземени од нивната интернет страница во согласност со законските надлежности, информативни билтени, службени гласила ако се обврска согласно со закон и друго,

- извештаи за работа кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор,

- статистички податоци за работата, како и други информации, акти и мерки со кои се влијае на животот и работата на граѓаните и кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информации и

- други информации кои произлегуваат од надлежноста и работата на имателот на информацијата.

(2) Секој имател на информации е должен да овозможи бесплатен пристап до информациите од ставот (1) на овој член.

Член 11

Одговорните лица кај имателите на информации за да обезбедат слободен пристап до информации се должни за барателите да обезбедат простории за увид во бараните информации, а службените лица за посредување со информации се должни да им укажуваат помош при барањето на информациите во согласност со овој и друг закон.

IV. ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Усно или писмено барање

Член 12

(1) Барателот пристапот до информацијата може да го бара усно, писмено или во електронски запис.

(2) Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма.

(3) Секој барател врз основа на барање има право на пристап до информација од имателот на информации со кои располага и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

Усно барање

Член 13

(1) Ако барателот бара пристап до информација со усно барање, имателот на информацијата е должен на барателот да му овозможи пристап до информацијата, на начин со кој барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина, за што имателот на информацијата составува записник, освен ако се работи за информации од членот 6 став (1) од овој закон.

(2) Ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето од ставот (1) на овој член, веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од денот на поднесување на барањето, овозможува запознавање со содржината на бараната информација на начин што му дава на увид или му обезбедува препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација.

(3) Ако имателот на информацијата одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори на барањето, како и ако барателот има устен или писмен приговор на начинот на запознавањето со информацијата, службеното лице за посредување со информации е должно за барањето да изготви решение во кое ќе внесе податоци за барателот, датумот на прием на барањето и да го извести барателот за посебното барање, односно за бараната информација.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, барателот на информација има право на жалба до Агенцијата, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(5) Во случаите од ставот (3) на овој член натамошната постапка по усно барање продолжува како по писмено барање во согласност со овој закон.

Писмено барање

Член 14

(1) За писменото барање за пристап до информации одлучува имателот на информации во постапка утврдена со овој закон.

(2) За прашања на постапката од ставот (1) на овој член кои не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

Поднесување на барањето

Член 15

(1) Барањето за пристап до информации го поднесува барателот до имателот на информации.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член поднесено во електронска форма се смета за писмено барање од членот 14 од овој закон.

Содржина на барањето

Член 16

(1) Формата на образецот на барањето за пристап до информациите ја пропишува директорот на Агенцијата и имателот на информацијата е должен да му го обезбеди образецот на барателот.

(2) Барањето се поднесува на образецот од ставот (1) на овој член или во друга форма и на начин согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

(3) Барањето содржи назив на имателот на информацијата, личното име и презиме на барателот на информацијата, податоци за можниот застапник или ополномоштеното лице, фирмата или правното лице.

(4) Во барањето барателот е должен да ја наведе информацијата со која сака да се запознае и на каков начин сака да се запознае со содржината на бараната информација (увид, препис, фотокопија, електронски запис).

(5) Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за барање за пристап до информации.

(6) Ако според предметот на барањето произлегува дека се работи за барање за пристап до информации согласно со овој закон, имателот на информацијата задолжително го разгледува барањето во согласност со овој закон.

Дополнување на барањето

Член 17

(1) Ако барањето е непотполно и поради тоа имателот на информацијата не може да постапува, тој ќе побара од барателот на информацијата да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Барателот е должен да го дополни барањето во рок од три дена од денот на известувањето за потребата од дополнување на барањето, односно во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.

(2) Службеното лице определено за посредување со информации е должно на барателот да му даде соодветна помош при дополнување на барањето.

(3) Ако барателот не постапи согласно со ставот (1) на овој член, имателот на информацијата со решение ќе го отфрли барањето.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата.

(5) Ако барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 на овој закон и поради тоа имателот на информации не може да го разгледува барањето, имателот на информации ќе донесе решение со кое ќе го отфрли барањето.

(6) Против решението за отфрлање на барањето од ставот (5) на овој член дозволена е жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Препраќање на барањето

Член 18

(1) Ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на барањето, е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа да го извести барателот.

(2) Рокот за добивање на информацијата почнува да тече од денот на добивањето на барањето кај имателот на информацијата на кој му е препратено барањето од ставот (1) на овој член.

Член 19

Постапката по барањето за пристап до информации кај имателот на информации ја спроведува службеното лице од членот 8 од овој закон.

Постапување по барањето

Член 20

(1) Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, со кое барањето делумно или целосно е одбиено задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност.

(3) Ако имателот на информацијата во рокот утврден во членот 21 од овој закон не му овозможи на барателот пристап до информацијата и ако не донесе и не му достави на барателот решение се смета дека барањето е одбиено по што барателот може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Член 21

(1) Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Имателот на информацијата, информацијата ја дава во бараната форма, освен ако бараната информација веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна за јавноста и ако е поповолно за барателот информацијата да се достави во поинаква форма од бараната, за што имателот на информацијата ја образложува причината за ваквиот начин на доставување.

Продолжување на рокот за доставување на бараната информација

Член 22

(1) Во случај кога имателот на информацијата треба да овозможи делумен пристап до информацијата согласно со членот 6 став (4) од овој закон или поради обемноста на бараната информација му е потребно подолго време од рокот утврден во членот 21 од овој закон, рокот може да се продолжи најмногу до 30 дена од денот на приемот на барањето.

(2) Имателот на информацијата за продолжувањето на рокот од ставот (1) на овој член е должен во електронска форма да го извести барателот веднаш, а најдоцна седум дена од денот на приемот на барањето.

(3) Ако имателот на информацијата не постапи во рокот од ставот (1) на овој член, барателот на информацијата може да поднесе жалба до Агенцијата.

Одговорени барања

Член 23

Имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето.

Доставување одговор по бараната информација

Член 24

(1) Ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис.

(2) Ако барателот бара да му се даде информацијата на увид, имателот на информацијата е должен да му овозможи увид на тој начин што барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина.

(3) Ако, како резултат на добиената информација, произлезе барање за дополнителна информација поврзана со документите кои ги поседува имателот на информацијата, барателот поднесува ново барање, согласно со членовите 15 и 16 од овој закон, заедно со одговорот што веќе го добил.

(4) Ако барателот смета дека информацијата со која се запознал не е информација што ја навел во барањето, може да бара од имателот на информации да му се овозможи запознавање со информацијата што ја навел во барањето најдоцна во рок од десет дена по приемот на повторното барање кај имателот на информацијата.

(5) Ако имателот на информацијата не одговори на повторното барање на барателот на информацијата, по истекот на рокот утврден во ставот (4) на овој член, барателот на информација може да поднесе жалба до Агенцијата во рок од 15 дена.

Одбивање

Член 25

Имателот на информација со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став (1) од овој закон, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.

Право на правна заштита

Член 26

Право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно со членот 12 став (1) од овој закон.

Жалбена постапка

Член 27

(1) Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата.

(2) Агенцијата решава по жалбата на барателот во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Ако Агенцијата во рокот од ставот (2) на овој член не донесе решение по жалбата на барателот против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повтореното барање, барателот може да поведе управен спор.

(4) Имателот на информацијата е должен да го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

V. ТРОШОЦИ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Член 28

(1) Увидот во бараната информација е бесплатен.

(2) Барателот на информација за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа надоместок во висина на материјалните трошоци.

(3) Владата на Република Македонија на предлог на Министерството за финансии ја утврдува висината на надоместокот за материјалните трошоци за дадената информација од имателите на информации.

(4) Имателот на информација висината на надоместокот од ставот (3) на овој член ја објавува на соодветен начин (во службен билтен на имателот на информацијата, интернет страница, огласна табла и слично) и му ја дава на увид на секој барател пред поднесување на барањето.

(5) Ако барањето се однесува на информација од поголем обем, имателот на информацијата може да бара барателот да го даде однапред надоместокот за покривање на трошоците за добивање на информацијата.

VI. АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Статус на Агенцијата

Член 29

(1) Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер е самостоен и независен државен орган, кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени со овој закон. (со права, обврски и одговорности утврдени со овој закон).

(2) Средствата за работа на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(3) Агенцијата за својата работа, за во претходната година одговара пред Собранието на Република Македонија до кое поднесува на усвојување годишен извештај најдоцна до 31 март во тековната година.

(4) Агенцијата има својство на правно лице.

Надлежност на Агенцијата

Член 30

Агенцијата ги врши следниве работи:

- води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите,
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон,
- подготвува и објавува листа на имателите на информации,
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации,
- развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите,
- води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон,

- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат,

- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации,

- подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија,

- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер,

- врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и

- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Раководење со Агенцијата

Член 31

(1) Со Агенцијата раководи директор.

(2) Директорот на Агенцијата има заменик.

(3) За својата работа директорот на Агенцијата и неговиот заменик одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Именување на директорот и на неговиот заменик

Член 32

(1) Директорот на Агенцијата и неговиот заменик ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата за време од шест години, со право на еден повторен избор.

(2) Директорот на Агенцијата и неговиот заменик се именуваат врз основа на јавен оглас кој се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од кандидатите за директор на Агенцијата и неговиот заменик и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

(3) За директор на Агенцијата и неговиот заменик се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има високо образование со стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки;

3) има најмалку осум години работно искуство во областа на информирањето и правните науки;

4) да не било вршител на функција во орган на политичка партија во последните десет години;

5) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS)-најмалку 60 бода,

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Престанок на функцијата и разрешување на директорот и на неговиот заменик

Член 33

(1) На директорот на Агенцијата, односно на неговиот заменик му престанува функцијата пред истекот на мандатот за кој се именувани:

- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,

- ако поднесе оставка,

- по лично барање,

- поради исполнување услови за старосна пензија утврдени со закон, со право на продолжување согласно со прописите за работни односи,

- поради смрт,

- ако со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење забрана за вршење на професија, дејност или должност или

- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор од над шест месеци.

(2) Собранието на Република Македонија во случаите од ставот (1) на овој член констатира престанок на функцијата.

(3) Собранието на Република Македонија го разрешува директорот на Агенцијата, односно неговиот заменик по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ако е исполнет еден од следниве услови:

- ако се утврди дека не исполнува еден од условите утврдени во членот 32 став (3) од овој закон,

- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голем дел се невистинити,

- очигледно ги прекрши правилата за судир на интереси, односно изземање во ситуации во кои директорот, односно неговиот заменик, знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за судир на интереси, односно изземање предвидено со закон или

- ако без оправдани причини не ги почитува роковите за преземање одредени дејствија согласно со овој закон.

(4) Во случај на престанок на функцијата или разрешување на директорот на Агенцијата, до изборот на нов директор на Агенцијата, функцијата на директор на Агенцијата, ја врши заменикот на директорот, со сите овластувања кои ги имал директорот.

(5) Во случај на разрешување, односно престанок на функцијата на директорот на Агенцијата, односно на заменикот на директорот, пред истекот на мандатот, Собранието на Република Македонија најдоцна во рок од десет дена започнува постапка за избор на нов директор на Агенцијата, односно заменик на директор.

Надлежност на директорот на Агенцијата

Член 34

(1) Директорот на Агенцијата:

- ја координира и организира работата и раководи со работењето на Агенцијата,

- ја претставува и ја застапува Агенцијата,

- презема правни дејствија во име и за сметка на Агенцијата,

- одговара за законитоста во работењето на Агенцијата,

- одлучува за правата и обврските на вработените во Агенцијата,

- донесува Упатство за начинот на спроведување на овој закон,

- ги донесува актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на Агенцијата,

- донесува Годишен план за вработување,

- донесува финансиски планови, стратешки планови и годишна програма за работа на Агенцијата и го организира нивното спроведување,

- дава предлози за потребните средства за работа на Агенцијата при изготвувањето на Буџетот на Република Македонија,

- донесува акти со кои го уредува начинот на работа и организацијата на Агенцијата,

- донесува други акти за кои е овластен,

- се грижи за јавноста на работата на Агенцијата и

- презема други мерки од надлежност на Агенцијата, во согласност со закон.

(2) Заменикот на директорот го заменува директорот на Агенцијата, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето, во случај на негово отсуство или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција.

(3) Заменикот во соработка со директорот на Агенцијата ги врши работите од надлежност на директорот што истиот ќе му ги довери.

Вработени во Агенцијата

Член 35

(1) Вработените во Агенцијата, освен помошно-техничките лица имаат статус на административни службеници.

(2) Во Агенцијата се назначува генерален секретар, кој го назначува и разрешува директорот на Агенцијата, согласно со Законот за административни службеници.

VII. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Член 36

(1) Службеното лице на имателот на информацијата е должно да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон, да го достави до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година и да го објави на веб страницата на имателот на информации од јавен карактер.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член содржи:

- податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации,
- број на примени барања,
- број на позитивно одговорени барања,
- број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање,
- број на неодговорени барања,
- број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација,
- број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата,
- број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата,
- број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање и
- број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање.

(3) Агенцијата изготвува заеднички извештај за спроведување на овој закон врз основа на добиените податоци од извештаите од имателите на информации и спроведените надлежности и до 31 март во тековната година за претходната година го доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија.

(4) Извештајот од ставот (3) на овој член по усвојувањето од страна на Собранието на Република Македонија се објавува во средствата за јавно информирање (билтен, интернет страница).

Член 37

Се ослободува од одговорност вработен кај имателот на информации кој ќе даде заштитена информација, доколку таа е од значење за откривање на злоупотреба на службената положба и коруптивно однесување, како и за спречување на сериозни закани по здравјето и животот на луѓето и загрозување на животната средина.

VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 38

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на функционерот или раководното лице кај имателот на информацијата доколку не определи службено лице определено за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации и не обезбеди информирање на јавноста за службеното лице согласно со членот 8 ставовите (1) и (2) од овој закон.

Член 39

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата доколку:

- постапи спротивно на членот 6 став (3) од овој закон,
- редовно не ја води и ажурира листата на информации со кои располага и не ја објави на соодветен начин, достапен на барателот, согласно со членот 9 од овој закон,
- не укажува помош при барањето на информациите во согласност со членот 11 од овој закон,
- побара образложение од барателот на информацијата спротивно на членот 16 став (5) од овој закон,
- во предвидениот рок од 20 дена, односно 30 дена, неосновано не овозможи пристап до информацијата согласно со членовите 21 и 22 од овој закон,
- не води евиденција согласно со членовите 8 став (3) и 36 став (2) од овој закон,
- наплати пристап до бараната информација спротивно на членот 10 став (3) од овој закон,
- не го спроведе решението на Агенцијата во рок од 15 дена од неговиот прием согласно со членот 27 став 4 од овој закон,
- нема да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон и нема да го достави до Агенцијата согласно со членот 36 од овој закон.

Член 40

(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Агенцијата.

(2) Членови на Прекршочната комисија од ставот (1) на овој член се вработени во Агенцијата со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство определени со закон, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(3) Пред поднесување на барање за покренување на прекршочна постапка се води постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(4) Службените лица се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.

(6) Податоците од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува директорот на Агенцијата.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 41

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 42

Имателите на информации ќе определат службени лица за посредување со информации од членот 8 на овој закон во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 43

(1) Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе распише јавен оглас за именување на директор и заменик на директорот на Агенцијата.

(2) Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер престанува со работа со денот на започнувањето со работа на Агенцијата.

(3) Агенцијата започнува со работа со денот на именувањето на директор на Агенцијата.

(4) Со денот на влегувањето во сила на овој закон постојните членови на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер продолжуваат да ја вршат функцијата до отпочнувањето со работа на Агенцијата.

Член 44

(1) Вработените од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер со денот на започнувањето на примената на овој закон продолжуваат да работат во Агенцијата.

(2) Со денот на започнувањето на примената на овој закон Агенцијата ги презема предметите, архивата, материјалните, техничките, просторните и другите средства за работа неопходни за спроведување на овој закон од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

(3) Започнатите постапки до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 45

Со денот на започнувањето на примена на овој закон престанува да важи Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16 и 64/18).

Член 46

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.